**ТЕМАТСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ**
ЗА ДОБРОВОЛНО ВРАЌАЊЕ И РЕИНТЕГРАЦИЈА

**Доброволното враќање** претставува поддршка за мигранти кои не можат или не сакаат да останат во државата-домаќин или државата-транзит и кои одлучуваат да се вратат во својата држава на потекло или во трета држава која е подготвена да ги прими. Тие можат да добијат административна, логистичка и финансиска помош, како и поддршка за реинтеграција.

# Што е советување за враќање?

## Советување за враќање

Во Германија има повеќе од **700 советодавни центри,** кои се управувани од државни и невладини организации.

Во рамките на советувањето за враќање, мигрантите се информираат за тоа каква поддршка можат да добијат за доброволно враќање во својата држава на потекло. Исто така им се обезбедуваат корисни информации за состојбата во соодветните држави на потекло, на пример во однос на образовниот систем, пазарот на трудот или здравствениот систем.



Ако лицето се одлучи за доброволно враќање, советникот/советничката ќе ја обезбеди потребната поддршка при поднесување на барањето за помош за враќање, како и при организацијата на самото заминување.

## Виртуелно советување

Виртуелното советување им овозможува на мигрантите во Германија, уште пред нивното доброволно враќање, директно да разговараат со советници на Меѓународната организација за миграција во нивната држава на потекло. Советувањето се реализира на соодветниот национален јазик преку онлајн комуникации и обезбедува практични информации за поддршка при реинтеграцијата, како и за актуелната состојба во државата на потекло.



## Дополнителни информации

На информативниот портал **www.ReturningfromGermany.de** може да се најдат дополнителни информации за помош при доброволното враќање и реинтеграција.
Порталот е достапен на дванаесет јазици и нуди преглед на достапни програми за враќање и реинтеграција, како и важни информации за државите на потекло.

# Како се одвива доброволното враќање?

## 1 Пред враќањето

Мигрантите се советуваат во советодавен центар за враќање со цел да донесат информирана одлука.

Доколку лицето заинтересирано за враќање донесе одлука за доброволно враќање, надлежниот орган поднесува барање за помош при враќање и, доколку е потребно, за поддршка за реинтеграција.

Барањето за финансиска поддршка се разгледува и се донесува одлука.

Враќањето во матичната држава се планира и организира со самите мигранти.

## 2 Враќање

Советодавниот центар го информира лицето-повратник за процесот на заминување, му помага при добивањето на патни исправи и му ја соопштува одлуката за поддршка и помош при патување.

При пристигнување на аеродром, билетите се издаваат на шалтерот за пријавување откако ќе се покаже патната исправа.

## 3 По враќањето

Поддршката за реинтеграција е достапна за различни држави на потекло и се разликува во зависност од државата во која се враќа лицето, неговото државјанство, статусот на престој и поедничните потреби на лицето што се враќа.

### Дополнителни информации

На информативниот портал **www.ReturningfromGermany.de** може да се најдат дополнителни информации за помош при доброволното враќање и реинтеграција.
Порталот е достапен на дванаесет јазици и нуди преглед на достапни програми за враќање и реинтеграција, како и важни информации за државите на потекло.

# Што претставуваат програмите за враќање?

Доброволното враќање со поддршка се реализира преку програми финансирани од федералната влада, федералните покраини и Европската Унија (ЕУ).

Обезбедувањето поддршка зависи **од различни критериуми** (на пример финансиска состојба, државјанство, држава на потекло).
Ако се одобри поддршка **таа може да ги вклучува следниве услуги:**

- **Патни трошоци.**
- **Трошоци за пристигнување до** местото на поаѓање.
- Посебна **здравствена заштита,** ако е потребна.
- Одреден **паричен износ за покривање на првичните трошоците по пристигнување во** државата на потекло.

Право на поддршка имаат:

- Лица што **бараат азил,** но се уште немаат поднесено формално барање.
- Лица што **се во постапка на азил.**
- Лица чиешто **барање за азил било одбиено** и/или **се принудени да заминат.**
- Лица што **имаат право на азил** или **поседуваат дозвола за престој.**
- Лица што пристигнале како дел од **програмата за семејно обединување** со лице што има право на поддршка, **но самите не спаѓаат во категоријата на поддржани лица.**
- Лица што биле предмет на **трговија со луѓе** или на **присилна проституција**.

## Дополнителни критериуми за поддршка:



- Самото **заминување е планирано** да биде трајно.
- Лицето да нема претходно **примено финансиска поддршка.**
- Лицето да нема **свои средства за да ги покрие трошоците за заминување.**

### Дополнителни информации

На информативниот портал **www.ReturningfromGermany.de** може да се најдат дополнителни информации за помош при доброволното враќање и реинтеграција.
Порталот е достапен на дванаесет јазици и нуди преглед на достапни програми за враќање и реинтеграција, како и важни информации за државите на потекло.

# Што претставува поддршката за реинтеграција?

Поддршката за реинтеграција е приспособена на поединечните потреби и им се доделува на лица кои се враќаат во својата држава на потекло со цел да им се олесни повторното вклучување во општеството. Целта е сигурното и **долгорочното враќање** да стане возможно. Оваа поддршка треба да ја зајакне реинтеграцијата во општеството и нивната **самостојност** како и **социјалната интеграција,** за да започнат нов живот во нивната држава на потекло.

Поддршката за реинтеграција може да ги опфати следниве услуги:

- **Финансиска помош.**
- **Материјална помош,** на пример за **домување.**
- **Поддршка за интеграција,** како што се **професионални** и **претприемачки обуки.**
- Помош при **барање работа** и **посредување при вработување.**

Обезбедувањето на поддршка за реинтеграција се определува според различни фактори, како на пример **државјанството** на лицето-повратник или **државата во која лицето** планира да се врати.



## Дополнителни критериуми за поддршка:

- Самото **заминување е планирано** да биде трајно.
- Лицето да нема претходно **примено финансиска поддршка.**
- Лицето да нема **свои средства за да ги покрие трошоците за заминување.**

### Дополнителни информации

На информативниот портал **www.ReturningfromGermany.de** може да се најдат дополнителни информации за помош при доброволното враќање и реинтеграција.
Порталот е достапен на дванаесет јазици и нуди преглед на достапни програми за враќање и реинтеграција, како и важни информации за државите на потекло.

Скенирајте овде:

Bundesamt für Migration und Flüchtlinge

IOM UN MIGRATION

RÜCK KEHR